**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Министерство за образование и наука |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љупка Неделковска, координатор за еднакви можности (соработник за следење и реализација на стратешкиот план)<br><br>Славица Мирческа Атовска, заменик координатор за еднакви можности (советник за стратешко планирање) |
| **Период на известување** | 2020 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | март 2021 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, 30.03. 2021 година**
**Бр. 27-5668/1**

**Име и презиме**
**Мила Царовска**
**Министерка, с.р**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

________________________

**Име Презиме** **(на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)**

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**
**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

Министерството за образование и наука, секоја година изготвува Извештај за напредокот на состојбата на еднаквите можности на мажите и жените, ова е обврска која произлегува од членот 11 од Законот за еднакви можности. Во овој извештај се образложани преземените основни и посебни мерки кои се пропишани во член 5, 6 и 7 од Законот за еднакви можности. Министерството презема голем број на активности и тоа со една цел, овозможување на квалитетно образование без разлика на пол, род, етничка, социјална и друга определба, забранувајќи секаков вид на дискриминација.

Новиот Закон за основно образование, кој беше донесен во 2019 година, започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година и во него, како што е предвидено и со Националниот акциски план за родова еднаквост 2018-2020, внесена е посебна одредба/ анти-дискриминаторски клаузули со сите основи на дискриминација (вклучително род, родов идентитет, сексуална ориентација). Од овој закон, произлегоа доста документи кои се тесно поврзани со еднаквоста и недискриминацијата по секој основ.

Врз основа на член 47 став 2 од овој закон, министерката донесе Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта, со број 12-11595/1 од 20.10.2020 година. Професионалната ориентација и советување во училиштето, исто така, може да допринесе за надминување на традиционалното гледање на професиите како „машки“ и „женски“ и да ги охрабри девојчињата и момчињата при изборот на професијата да се раководат од своите желби, способности и интереси.

Законот за основно образование предвидува и носење на посебен документ - Концепција за инклузивно образование. Оваа концепција е донесена со Решение на министерот за образование и наука, со број 18-6577/1 од 06.07.2020 година.

Согласно овој закон се наметна потребата од донесување на Концепција за воннаставни активности во основните училишта. Како резултат од тоа е подготвен документ, односно Концепција, која се надградува врз наодите од истражувањата, врз искуствата од другите земји, врз актуелните практики со воннаставните активности во нашите училишта, како и врз приоритетите предвидени во Стратегијата за образование 2018-2025. Во овој документ предвидени се голем број на воннаставни активности во кои подеднакво се вклучени и девојчињата и момчињата.

Врз основа на член 66 став 2 од Законот за основно образование, од страна на министерот за образование и наука, беше донесено и Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување со број 18-6570/1 од 06.07.2020 година.

После истражувањето спроведено во ноември 2020 на 4.168 наставници, а притоа земени беа во предвид и анализите од меѓународни релевантни

организации и институции кои укажуваат на потребните од итни и неодложни реформи во образованието, изготвена беше нацрт - верзија на нова Концепција за основно образование.

Министерството за образование и наука за подобрување на одобрените учебници за употреба во основните и средните училишта, изготви нацрт - верзија на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, кој ќе допринесе за подобрен квалитет и осовременување на истите, но и елиминирање на секаков недискриминирачки материјал, по секој основ.

Во однос на постапката за ревизија на учебници во основно и средно образование, како изминатите години, така и во 2020 година, Министерството за образование и наука, Педагошката служба продолжи со постапката за ревизија, односно исправки и/или дополнувања во текстовите на учебниците, а истите да не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предмет,а во контекст на тоа учебниците повеќе да не содржат стереотипи, предрасуди, стигматизација од аспект на родова еднаквост, мултикултурализам, почитување на различностите и демократските вредности.

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Во новиот Закон за основно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019 од 05.08.2019 година, кој започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година, внесен е нов проширен член, член 5 за заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста. Исто така, со овој закон, со членот 6, се предвидуваат и афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација.

Во Програмата за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение, која е составена од неколку фази, преку првата фаза или фаза за самоспознавање, главната цел е да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да се соочат со квалификационата рамка на занимања и темата работа, да го зајакнат чувството на сопствена вредност во однос на соодветноста за избор на широк спектар на образовни профили и занимања без разлика на полот, родот и други карактеристики. Стручниот работник, кој е предвиден со програмата, ќе биде вклучен во спроведување на проценката , со цел да не се води според родово стереотипна поделба на трудот и професиите, односно да се води исклучиво според принципите на родова еднаквост.

Со оглед на тоа што инклузивното образование ги зема предвид индивидуалните потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој на квалитетно образование, Концепцијата за инклузивно образование ги дава насоките за вклучување, развој и образование на повеќе групи ученици од ранливи категории. Визијата за инклузивно образование, која е содржана во оваа концепција, е да му обезбеди на секое дете, независно од возраста,

полот/родот, сексуалната ориентација, расата, етничкото потекло, религијата или верувањето, способностите, социо-економското потекло, можности за квалитетно образование, заедно со своите врсници, во рамките на редовниот воспитно-образовен систем, од најраната возраст и во текот на животот.

Врз основа на Законот за основно образование од 2019 година, Бирото за развој на образованието беше изготвена Концепцијата за воннаставни активности, која се донесе во 2020 година. Таа се базира на неколку начела меѓу кои е и начелото дека воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни, односно дека тие се организираат во училиштето и треба да бидат достапни за сите ученици, без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности во училиштата за учебната 2020/2021 година, треба да се водат според овие начела и принципи.

Исто како и во гореспоменатите документи и Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик - жртва на која било од формите на насилство, во својата содржина вклучува цела една потточка која се однесува на еднаквоста и забрана за дискриминација, односно во потточката 2.2 јасно е дефинирано дека при примената на ова Упатство, училиштето не смее да прави разлики во постапувањето со и во третманот на ученик жртва, ученикот сторител, нивните родители/старатели, возрасен сторител, вработените, другите ученици и возрасни засегнати од насилството, а врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или кој било друг статус.

Се со цел подобрување на квалитетот на учење, изготвена е нацрт - верзија на нова Концепција за основно образование која содржи посебна глава за Обезбедување родова сензитивност/ рамноправност. Во неа, меѓудругото, е уредено дека „образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини во кои нема експлицитни родови стереотипи и користи пристап кој е родово сензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.” Концепцијата исто така уредува: „Промовирање на родовата рамноправност преку образованието со стимулирање на учеството на учениците во наставните и воннаставните активности независно од полот, односно спротивно на стереотипните очекувања поврзани со полот/родот.”

Согласно предлог Законот за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование член 6 став 6, во учебникот, наставниот и друг дидактички материјал се забранува секаква директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на

кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија. Во ставот 5 пак е уредено дека „со учебниците и другите наставни и дидактички материјали се промовира еднаквоста, почитувањето на човековите права, различноста, мултикултурализмот, демократијата, граѓанското учество и критичкото размислување" А во став 7 е уредено дека се забранува и секој облик на дискриминација во: содржината на учебниците и другиот наставен и дидактички материјал, пристапот до учебниците и другиот наставен и дидактички материјал, постапката за одобрување, ревизија и повлекување од употреба на учебниците и изборот на авторите, издавачите и членовите на комисиите предвидени со овој закон

Исто така предлог законот предвидува во комисиите за разгледување и предлагање за употреба на учебниците, наставните и дидактичките материјали да има член кој го номинира Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, кој треба да има најмалку десет години искуство од областа на недискриминацијата, човекови права, **родовата еднаквост** и мултикултурализмот.

Во 2020 година, повлечен е од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина. Во овој учебник се констатирани дискриминирачки текстови, но и примери коишто ја засилуваат родовата нееднаквост.

Завршена е постапката за ревизија, односно исправки и/или дополнувања во текстот од учебникот по предметот Социологија за II, III и IV година, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината.

Во однос на постапката за ревизија на учебници во основно и средно образование од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата, во 2020 година, од вкупно 47 наставни предмети предвидени за ревидирање, постапката е завршена за 29 наставни предмети и тоа: единаесет (11) наставни предмети за средно образование и осумнаесет наставни предмети (18) за основно образование. За осумнаесет (18) наставни предмети, постапката не е завршена и тоа: три (3) наставни предмети за средно образование и петнаесет (15) наставни предмети за основно образование.

Исто така, изработена е и нацрт - верзија на новата Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот, каде се укажува на тоа дека ниту еден учебник не смее да содржи стереотипи за различни социјални групи и не смее да поттикнува предрасуди по било кој основ, вклучувајќи го овде, меѓу другите и родовиот. Во содржините треба да имаме текстови и илустрации каде подеднакво би биле застапени и третирани и жените и мажите.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

1. Во учебната 2019/2020 година почна да се применува новиот Закон за основно образование, кој е усогласен со сите релевантни чинители (образовни установи, наставници, стручна јавност и граѓански сектор);
2. Донесена е Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение во основните училишта;
3. Донесена е Концепција за инклузивно образование;
4. Во 2020 година е донесена и Концепција за вonnaставни активности во основните училишта;
5. Донесено е и Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство;
6. Изготвена е нацрт - верзија на новата Концепција за основно образование;
7. Изготвена е нацрт - верзија на новиот Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование;
8. Изработена е нацрт - верзија на нова Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот.

Законот за основно образование стапи на сила во учебната 2019/2020 година и од истиот веќе се произлезени голем број на документи, кои се донесени или се во фаза на донесување или подготовка.

Еден од тие документи е Програмата за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение, која ќе биде изготвена од страна на стручниот соработник во училиштето. Покрај креирањето на програмата, негови обврски ќе бидат и организација, координација и учество во реализација на предвидените активности, евалуација и ажурирање на истата. Стручниот работник ќе биде вклучен во спроведување на проценката, која нема да се води според родово стереотипна поделба на трудот и професиите, туку исклучиво според принципите на родова еднаквост.

При изготвувањето на Концептот за инклузивно образование се воспоставени и механизми за следење, евалуација и ревидирање, односно имплементација на инклузивното образование. Следењето ќе се одвива на две нивоа: внатрешен мониторинг, на ниво на училиште и надворешен мониторинг, на национално ниво. Целата концепција се темели врз принципите на секое дете, независно од возраста, полот/родот, сексуалната ориентација, расата, етничкото потекло, религијата или верувањето, способностите, социо-економското потекло, да му се обезбедат можности за квалитетно образование. Во Концепцијата за воннаставни активности е предвидено, секоја активност да се спроведува во вид на акција. По спроведување на секоја акција, од

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

учениците-учесници треба да се бара повратна информација (најдобро, преку анонимни прашалници) за успешноста во реализацијата на целите на акцијата и корисноста од нејзината реализација за нив самите. Од учениците може да се бара мислење и за тоа како може да се подобри реализацијата на акцијата во иднина. Одговорните наставници во соработка со другите вклучени реализатори (наставници, родители, стручни соработници, претставници на невладини организации) го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот список на учесници. За учениците кои особено се истакнале во реализацијата на целите на акцијата, одговорниот наставник подготвува посебна белешка со мислење кое описно се запишува во додатокот на свидетелството на ученикот. Важна компонента во промовирањето на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и вонннаставните активности независно од полот/родот, односно стереотипните очекувања поврзани со полот/родот. Тоа се постигнува или со нудење специјални инсентиви (мотивации) за учество во активности кои се „полово/родово нетипични“ (на пример, за момчињата изборниот предмет Готвење) или преку паралелно формирање на женски и машки групи за иста активност (како, на пример, спортски тимови).

При донесување на Упатството за постапката, за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство во основните училишта, многу убаво, табеларно, е прикажана категоризацијата на насилство од прв, втор и трет степен, исто така изготвен е и формулар за евиденција на насилството, како и формулар за план за заштита на жртвата од насилство без разлика на род, родов идентитет, општествен статус или кој било друг основ, како и промена на однесувањето на сторителот, преку кои по пат на прашања ќе се идентификува дали постои насилство и од кое ниво и категорија е истото.

Концепцијата за основно образование која при тоа е создадена како родово сензитивна/ рамноправна за сите ученици во основното образование, има предвидено голем број показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот. Предвидена е самоевалуација која ја прави секој одделенски наставник на крајот од секој работен ден,односно секој предметен наставник на крајот од наставниот час, во врска со секој наставен предмет кој го реализира. Самоевалуацијата, всушност, е оценка на ефикасноста, ефективноста и одржливоста на севкупните активности за време на денот/часот кои се преземени за да се постигнат предвидените резултати од учењето. Интегралната евалуација на училиштата ја спроведува Државниот просветен инспекторат преку примена на стандардизирани постапки со кои се обезбедуваат податоци за квалитетот на работењето на училиштата.

Согласно предлог Законот за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, член 6 став 1, учебникот, наставниот и дидактичкиот материјал се изработува според наставниот план и наставните програми за соодветното одделение во основното образование, односно наставниот план и наставните програми за соодветна година во средното образование, Концепција за учебник и дидактички материјали Методологија за вреднување на учебник и дидактички материјали, наставен и друг дидактички материјал.

Во став 2 од истиот член, наведено е дека со Концепцијата се определуваат научно-стручните и методолошките основи на учебникот, наставниот и друг дидактички материјал, развојните воспитно-образовни функции, основите за мотивација и самостојно учење, дидактичко-методските стандарди за изборот и систематизирањето на содржините, дополнителните текстови, визуелните прилози, како и соодветноста на јазикот според возраста на учениците и градењето јазична култура, а во став 3, акцентот е ставен на методологијата, односно како со Методологијата се уредува начинот и постапката за вреднување - на учебникот, наставниот и друг дидактички материјал, преку стандардите и индикаторите од сите подрачја како и начинот на кој ќе се проценува колку се задоволени поставените стандарди. Вреднувањето на учебникот, наставниот и друг дидактички материјал се прави врз основа на конкретните индикатори кои се наведени во Методологијата за секој стандард посебно.

При изработката на новата концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот, како дел од главните индикатори се:

1. Учебникот не содржи стереотипи за различни социјални групи и не поттикнува предрасуди (родови, етнички, религиски и насочени кон лица со попреченост, поинаква сексуална ориентација и припадници на други ранливи групи);
2. Во содржините (текстовите и илустрациите), припадниците на машкиот и женскиот род се подеднакво застапени и рамноправно третирани во сите контексти (во приватниот, семејниот и општествениот живот);
3. При прикажување на ликови од историјата и/или автори кои придонеле за културниот и научниот развој, секогаш се и наведуваат жени.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

Програмата за Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите) е поврзана со следниве стратешки цели и приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:

Секторски приоритет: Родово сензитивно образование

Стратешка цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку фунцкионални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика

Специфична стратешка цел 2.3: Воспоставени и пилотирани политики за

надминување на бариерите/пречките и зголемена вработеност на жените

Со Програмата за Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите), предвидени се две поткомпоненти.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Како што е напоменато и во точка 3, потточка 3.1, во Родово буџетската изјава со Програмата за унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите), предвидени се две поткомпоненти и тоа :

- Првата компонента е врзана, односно произлегува од Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, каде се предвидуваат неколку категории на стипендии на студенти запишани на високо-образовните установи во Република Северна Македонија. Имено, со Програмата се утврдени 85 стипендии кои се доделуваат на студенти запишани на студиски програми по информатика, 500 стипендии на студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 100 стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми по хемија, физика и математика. Целта е да се зголеми учеството на студентите на студиските програми од областа на ИТ, техничко-технолошките, био-техничките и природно математичките науки, во насока на нивна поголема вработливост, имајќи ја притоа предвид родовата еднаквост.
- Втората компонента се однесува на елиминирањето на стереотипите и воведување на родово сензитивно образование во целиот образовен систем како еден од предусловите за изградба на родово недискриминаторско општеството.

Образованието е главниот движечки фактор во формирањето на ставовите, нормите, и вредостите за родовите улоги во општеството, исто така, и во искоренувањето на стереотипите за родовите улоги. Покрај медиумите, културата и спортот, образованието е камен темелник во насока на постигнување на родова еднаквост.

Начинот на прикажување на мажите и жените, особено во учебниците и другите наставни средства кои се користат во образовниот процес, можат да бидат од пресудно значење во формирањето и обликувањето на ставовите кај децата кои подоцна како возрасни луѓе ќе ги задржат ставовите формирани под влијание на воспитувањето и образованието.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

Резултати за првата компонента :

За академската 2020/2021 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 24.239.700 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 9.591.300 денари.

Кризата што настана со ширењето на Ковид-19 ги истакна потребите и предизвиците во такви услови да се обезбеди правото на образование. Образовниот систем се соочи со ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно е да се обезбеди континуитет во образованието за сите ученици. Од друга страна пак, оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за организација и реализацијата на наставата и учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на сите деца и млади.

Меѓудругото донесена е Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за студирање во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба.

Оттаму, одобрени се:

- 958 апликации за партиципација во трошоци за студирање на студенти, од кои 665 се девојки или 69,4%. Обезбедени средства за плаќање на дел од партиципација во трошоците за студирање за студенти, вкупно 5.748.000 денари.
- 14 апликации за партиципација за сместување во студентски дом, од кои 12 се девојки или 85,7%. Обезбедени средства за плаќање на дел од партиципација за сместување во студентски дом вкупно 84.000 денари.

Исто така, донесена е Уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки, за дигитални вештини, заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, за време на вонредна состојба.

Одобрени се апликации за издавање на ваучери на млади лица за обуки, за дигитални вештини, заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, вкупно 2500, од кои 1353 се девојки или 54,12%. Реализирани средства за овие ваучери се 47.524.080 денари.

Резултати за втората компонента:

Многу е важно да се нагласи дека новата предлог Концепција за основно образование, има посебна глава за Обезбедување родова сензитивност/ рамноправност. Во неа меѓудругото е уредено дека „образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини, во кои нема експлицитни родови стереотипи, користи пристап кој е родово сензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација, кои не се ограничени од традиционалните родови улоги."

Концепцијата исто така уредува: „Промовирање на родовата рамноправност преку образованието и стимулирање на учеството на учениците во наставните и вонаставните активности, независно од полот, односно спротивно на стереотипните очекувања поврзани со полот/родот.”

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 година, предвидено беше воведување на сеопфатното сексуално образование.

Во 2020 година развиени се едукативни модели за спроведување на сеопфатно сексуално образование во образовниот систем, подготвена е наставна програма на ученици од 13 до 15 годишна возраст и Прирачник за наставници за спроведување на пилот проектот за сеопфатното сексуално образование.

Формираната работна група при Министерството за образование и наука со членови од Бирото за развој на образованието, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и ХЕРА, изготви тригодишен акциски план за пилотирање на сеопфатно сексуално образование.

Во месец декември 2020 година, беше спроведена обука за наставниците од училиштата во кои ќе се пилотира наставната програма за сеопфатно сексуално образование. Пилот програмата ќе почне да се спроведува од учебната 2021/2022 година.

Воведувањето на сеопфатно сексуално образование во основните училишта, ќе значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Вкупен број на вработени во Министерство за образование и наука: **231**

- жени: **155**

- мажи: 76

Вкупен број на раководни позиции (државен советник, раководител на сектор, помошник раководител на сектор, раководител на одделение): 41

- жени: 32
- мажи: 9

Министер - жена
Заменик министер – маж
Државен секретар - маж
Директор на Педагошка служба - жена
Посебни советници - 3 жени

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Образовниот систем на Република Северна Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование. Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Вкупниот број на наставници во основното образование во учебната 2019/2020 година изнесува 18.221, од кои 12.862 се жени. Во учебната 2019/2020, опфатени се 187.240 ученици, 90.500 ученички, од кои 732 ученици, 260 ученички учат во државните училишта за ученици со посебни образовни потреби. 378 лица,од кои 150 жени, стекнуваат образование за возрасни во училиште за возрасни.

Средното образование, исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. Во учебната 2019/2020 година, вкупниот број на ученици изнесува 69.980, 33.683 ученички, од кои 222 ученици, 69 ученички учат во државните училишта за ученици со посебни образовни потреби. Вкупниот број на наставен кадар изнесува 7 3415, од кои 4.493 се жени.

Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Според податоците на Државниот завод за статистика, во академската 2019/2020 година се запишани вкупно 51 734 студенти, бројот на запишани студентки изнесува 29 515 или 57.1 %. Бројот на наставници и соработници во високообразовните установи во академската 2019/2020 година изнесува 4 437. Од вкупниот број наставници и соработници, 3 162 или 71. % се наставници и 1 275, т.е. 29 % се соработници во наставата. Бројот на наставнички и соработнички во учебната 2019/2020 година изнесува 2 176 или 49 %.

Во 2020 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1.758 лица од кои 1.533 или 87,2% се магистри, а 225 или 12,8% се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти во споредба со 2019 година е намален за 8,2%. Учеството на жените магистри во вкупниот број на лица што стекнале научен

степен магистер на науки во 2020 година изнесува 58,2%.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2020 година, звањето доктор на науки го стекнале 174 лица, што претставува намалување за 14,7% во споредба со 2019 година.

Бројот на жени што одбраниле докторска дисертација во текот на 2020 година изнесува 99, што претставува 56,9 % од вкупниот број лица што докторирале во 2020 година. Од вкупниот број докторирани лица, најголем процент, 24,1%, својата професија ја вршат во образовната дејност.

Од државни натпревари за 2019/2020 година, за ученици во основно образование, од 11 доделени награди за ученици, 4 се ученички или 36,36%, додека од 11 доделени награди за ментори, наставнички се 9 или 81,81%

Од државни натпревари за 2019/2020 година, за ученици во средно образование, од вкупениот број наградени, 29% се ученички, а од вкупниот број на наградени наставници, 33% се наставнички.

За академската 2020/2021 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 24.239.700 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 9.591.300 денари.

Табеларен приказ за предвидени средства за доделени стипендии за високо образование

| | Мажи | Жени | Вкупно | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | % женски во вкупниот број на добитници | месечна стипендија | вкупно за 9 месеци за жени | вкупно за 9 месеци за мажи | Вкупно средства, мажи и жени за 9 месеци | % учество на стипендии доделени на жени во вкупниот број на средства |
| ИТ државни | 42 | 37 | 79 | 46.84 | 6,050 | 2,014,650 | 2,286,900 | 4,301,550 | 46.84 |
| ИТ приватни | 2 | 3 | 5 | 60.00 | 6,050 | 163,350 | 108,900 | 272,250 | 60.00 |
| Трета државни | 92 | 404 | 496 | 81.45 | 3,300 | 11,998,800 | 2,732,400 | 14,731,200 | 81.45 |
| Трета приватни | 3 | 17 | 20 | 85.00 | 3,300 | 504,900 | 89,100 | 594,000 | 85.00 |
| Математика | 8 | 22 | 30 | 73.33 | 18,000 | 3,564,000 | 1,296,000 | 4,860,000 | 73.33 |
| Физика | 7 | 13 | 20 | 65.00 | 18,000 | 2,106,000 | 1,134,000 | 3,240,000 | 65.00 |
| Хемија | 12 | 24 | 36 | 66.67 | 18,000 | 3,888,000 | 1,944,000 | 5,832,000 | 66.67 |
| | | | | 75.80 | | 24,239,700 | 9,591,300 | 33,831,000 | 71.65 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 166 | 520 | 686 | | | | | | |

Табеларен приказ за финансирање на научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2019 година
(Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор), се објавува една година подоцна)

| | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| Природно - математички науки | 52 | 20 | 72 |
| Техничко – технолошки науки | 34 | 40 | 74 |
| Медицински науки | 13 | 32 | 45 |
| Биотехнички науки | 21 | 33 | 54 |
| Општествени науки | 26 | 20 | 46 |

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности**
**в) Индикатори за мерење успешност**
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Донесен е нов Закон за основно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 05.08.2019 година, кој започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година, во истиот е внесен нов проширен член (член 5) за заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста. Во овој закон, во членот 6, се предвидуваат и афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација по било каков основ.

Имено, согласно новиот закон вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

Во рамки на годишната програма за работа, основните училишта потребно е да планираат и промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација. Во делот на права и обврски на учениците, односно заштита на интегритетот на учениците е наведено дека секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинството, како и Конвенцијата за правата на детето. Исто така, наведено е дека е забрането телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот, како и понижувачко однесување и постапување кон него. Доколку ученикот учествува во различни форми на насилство, родителот, односно старателот се упатува на советување.

Во новиот Закон за основно образоание, во делот на надлежност на директорот, исто така е наведено дека директорот, покрај останатото е надлежен до надлежните институции утврдени со закон, да пријави било каков облик на насилство, злоупотреба и занемарување на ученик.

Концепцијата за воннаставни активности во основното образование предвидува голем дел на активности од повеќе области. Некои од акциите се од областите: спорт и рекреација, забавно-рекреативни, кулинарство. Во овие како и во сите други воннаставни активности предвидени во овој Концепт, главна цел ќе биде вклученост на еднаков број на момчиња и на девојчиња, односно, рамноправен третман на сите при водење на активностите, без разлика од кој пол се учениците, на кој јазик зборуваат и тн. Наставникот кој што ќе ги спроведува активностите ќе има за задача да ја следи редовноста на учениците и нивната вклученост во активностите.

Промената на наставните програми и ревидирањето на постоечките учебници или издавање на нови е со една цел, отстранување на содржини кои се

спротивни на она кое е пропишано како во Стратегијата за родова еднаквост, така и во целокупното работење на Министерството за образование и наука, сите документи кои се изработуваат, законите кои се носат се базирани на недискриминација и еднаквост по сите основи, вклучително и по основ на род. По однос на ова во 2020 година, повлечен е од употреба учебникот по македонски јазик за петто одделение, поради дискриминирачки текстови, како и примери во кои е детектирана родовата нееднаквост. Завршена е постапката за ревизија, односно исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот по предметот Социологија за II, за III и за IV година.

Како што е напоменато и во точка 4, потточка 4.1 од овој извештај, согласно Националниот план за акција и оперативниот план за 2020 на Министерството за образование и наука, во 2020 година отпочнати се повеќе активности за воведување на пилот наставната програма за сеопфатно сексуално образование, која е планирано да почне да се спроведува во учебната 2021/2022 година.

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

Надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот за еднакви можности не се утврдени во актот за систематизација на работни места, истите се номинирани од страна на министерот за образование и наука.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**

Обуки кои ги посетил координаторот за еднакви можности на Министерството за образование и наука во текот на извештајниот период: /

Обуки кои ги посетил заменик координаторот за еднакви можности на Министерството за образование и наука во текот на извештајниот период:

1. Вклучување на родовата перспектива во процесот на стратешко планирање на министерствата и во програмското буџетирање, одржана на 21-22 Декември 2020 година, Зоом–онлајн работилница
Организатор:UN Women;
2. Можностите за вклучување на родовите прашања во програмите на министерствата согласно Програмата на Владата 2020-2024 и мандатните писма, одржана на 20 октомври 2020 година во хотел Арка
Организатор:UN Women.

**Дали тие во обуките се јавиле како:**
**а) слушатели**
б) обучувачи

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**
**а) координатор за еднакви можности**
**б) заменик координатор за еднакви можности**

а) Координатор за еднакви можности:

1. Обука: „Родовите аспекти во проценката на влијание на регулативите ", 17-18.09.2018 година
Организатор: Reactor research in action, Kvinna Kvinna
2. Обука: „ Е-обука за родова еднаквост (основно и напредно ниво) "
Организатор: Министерство за информатичко општество и администрација
3. Обука: „Недискриминација и говор на омраза", 22.02.2019 година
Организатор: Министерство за труд и социјална политика
4. Обука: „Интерција на родова перспектива во ИПА програмирање", 13-14.05.2019 година
Организатор: Reactor research in action, Kvinna Kvinna
5. Обука: "Родово рамноправна ЕУ интеграција? – градење капацитети на женските граѓански организации", 17.06.2019 година
Организатор: Reactor research in action, Kvinna Kvinna
6. Обука: „Родово одговорно буџетирање", 02.09.2019 година
Организатор: Министерство за труд и социјална политика и UN Women во Скопје
7. Обука: „Родовата перспектива во стратешкото планирање и примена на програмското буџетирање ", 14-16.11.2019 година
Организатор: Министерство за труд и социјална политика и UN Women во Скопје

б) Заменик координатор :

1. Обука: „ Е-обука за родова еднаквост (основно и напредно ниво) "
Организатор: Министерство за информатичко општество и администрација
2. Обука: Постапка за правно признавање на род во законодавството на Република Македонија, 27-28.02.2019 година
Организатор: Министерството за правда на Република Македонија во соработка со Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија и Коалицијата Маргини и во рамки на Taiex експертска мисија
3. Обука:Глобални промени и цели, 12.11.2019 година
Организатор: UNHCR
4. Обука: Вклучување на родовата перспектива во процесот на стратешко планирање на министерствата и во програмското буџетирање, одржана на 21-22 Декември 2020 година, Зоом–онлајн работилница,
Организатор:UN Women;
5. Обука: Можностите за вклучување на родовите прашања во програмите на министерствата согласно Програмата на Владата 2020-2024 и мандатните писма, одржана на 20 октомври 2020 година во хотел Арка

Организатор:UN Women.

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете :**

Сите документи кои ги изготвуваат координаторот и заменик координаторот за еднакви можности, а се однесуваат на еднаквите можности на мажите и жените, се прикачуваат на официјалната страна на Министерството за образование и наука и се јавно достапни за сите. https://mon.gov.mk/page/?id=2048

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**

Координаторот и Заменик координаторот за еднакви можности изготвија Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите за 2019 година, Заменик координаторот изготви Извештај за родово одговорно буџетирање за 2020 година и Информација за превземени активности и имплементирани мерки на програми и потпрограми во кои е вклучена родовата перспектива за 2020 година и истите беа доставени до Министерството за труд и социјална политика и објавени на веб страната на Министерството за образование и наука. Исто така заменик координаторот активно учествуваше во изготвување на новата Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026.

**5.6 Колку од тие иницијативи биле успешни?**
/

## *6.* ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

**6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

Имајќи ги предвид постојаните реакции од јавноста, родителите/старателите, учениците но и самите наставници за квалитетот на учебниците, долгите постапки за нивно одобрување, како и честите постапки за повлекување на учебници поради стереотипи, предрасуди и грешки, во 2020 година со Решение на министерката за образоване и наука, формирана е

Работна група за подготовка на нов Концепт на Законот за учебници во основно и средно образование, односно за подготвување на целосно ново системско решение за подобрување на квалитетот на т.н дополнителни материјали во настава. Целта на оваа Работна група беше прво да направи анализа на најдобрите искуства и практики од неколку земји, меѓу кои Велика Британија, Словенија, Хрватска, Естонија, Грузија, Турција и сл. Целта е да се изготви целосно нов систем за унапредување на квалитетот на наставата кој поздразбира не само употреба на учебници, туку и изработка и употреба на разни видови на наставни и дидактички материјали за наставниците и учениците. Голем број на земји во светот веќе го имаат надминато системот на класична употреба на учебник, поради што учениците своето знаење го стекнуваат преку различни извори на информации и разновидни дигитални алатки кои ги користат наставниците. Оваа реформа ќе оди паралелно со новата Концепција за основно образование. Во новиот предлог - закон е уредено дека „во учебник, наставен и друг дидактички материјал се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното и средното образование“ и „со учебниците и другите наставни и дидактички материјали се промовира еднаквоста, почитувањето на човековите права, различноста, мултикултурализмот, демократијата, граѓанското учество и критичкото размислување”.

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

Во 2020 година, повлечен е од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина. Во овој учебник се констатирани дискриминирачки текстови, но и примери коишто ја засилуваат родовата нееднаквост. Завршена е постапката за ревизија односно исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот по предметот Социологија за II, за III и за IV година, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината.

Во однос на постапката за ревизија на учебници во основно и средно образование од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата, во 2020 година од вкупно 47 наставни предмети предвидени за ревидирање, постапката е завршена за 29 наставни предмети и тоа: единаесет (11) наставни предмети за средно образование и осумнаесет наставни предмети (18) за основно образование.

За осумнаесет (18) наставни предмети постапката е не завршена и тоа: три (3) наставни предмети за средно образование и петнаесет (15) наставни предмети за основно образование.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

Во сите Стратешки планови на Министерството за образование и наука, во приоритети и цели има вклучено унапредување на концептот за еднаквост и недискриминација во образовниот систем. Од страна на Бирото за развој на образованието, направена е анализа на содржините на 8 учебници за средно образование од аспект на родова еднаквост, согласно Правилникот за начин на вршење на анализа на содржината на наставните планови, програми и учебници од аспект на унапредување на еднаквите можности.

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1 Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

1. Донесување на новата Концепција за основно образование;
2. Донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование;
3. Донесување на новата Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот.
4. Во наставни планови и програми за стручното образование не е вклучена родовата перспектива од причина што во Законот за стручно образование и за средно не е пропишано. Во тек е изготвување на нов Закон за средно и стручно образование каде ќе биде пропишано во сите планови, програми и учебници да биде вклучена родовата перспектива.
5. Спроведување на пилот Програма за сеопфатно сексуално образование од учебната 2021/2022 година. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта, ќе значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1 Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**